# ИЗВЕСТУВАЊЕ
# Отворени денови на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известува сите заинтересирани граѓани дека во периодот од 04.03-06.03.2015 година со почеток во 11:00 часот ќе одржи отворени денови, почнувајќи утре (04.03) во Демир Хисар- СОУ Крсте Петков Мисирков и Струга-Дом на култура, четврток (05.03) во општина Свети Николе и регионалниот центар на АФПЗРР во Кочани, петок (06.03) во регионалниот центар на АФПЗРР во Струмица и во просториите на општина Гевгелија.

Отворените денови на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се одржуваат со цел да се реализираат директни средби со земјоделците и бизнис заедницата каде ќе има можност да се информираат во врска со поволностите кои се нудат преку програмите за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, да се запознаат со работата на Агенцијата, да дискутираат за прашања од нивен интерес, да дадат предлози за надминување на одредени проблеми со кои се соочуваат за време на аплицирањето, како и да побараат стручна помош.

Со зголемено присуство на Агенцијата на терен и со практикување на отворен и одговорен пристап кон корисниците на финансиска поддршка, се овозможува и зголемување на квалитетот на услугите кон крајните корисници како и зголемување на задоволството кај крајните корисници на услугите што е и приоритетна цел на Агенцијата во исполнувањето на своите деловни активности.

Подигнување на нивото на информираност и свесност на земјоделците за можностите кои се нудат со програмите за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, е од големо значење за постигнување поголема искористеност на средствата од финансиската поддршка што се дава.